Бр. 04-3964/2
06 -03- 2026 2026 год.
Скопје

Врз основа на 52 став 3 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), а во врска со објавениот интерен оглас бр. 01/2026, објавен на 19.2.2026 година, на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација на Република Северна Македонија, за унапредување на 13 (тринаесет) административен службеник, в.д. директорот на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на 4.3.2026 година донесе:

О Д Л У К А
за невршење на избор по Интерен оглас бр. 01/2026

1. Со оваа одлука НЕ СЕ ВРШИ на извршител за работното место под реден број 8 од Огласот бр. 01/2026, КООРДИНАТОР НА ЛЕКАРСКА КОМИСИЈА И БОЛЕДУВАЊА, со звање Координатор на Лекарска комисија и шифра на работно место Б04001, во Подрачна служба Кичево, 1 (еден) извршител.
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Врз основа на добиеното Известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски број 19-943/2 и бр.945/2 од 9.2.2026 година, Секторот за управување со човечки ресурси на 19.2.2026 година, објави Интерен оглас број 01/2026 година на веб-стрницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација, за унапредување на 13 (тринаесет) административен службеник во Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

Комисијата за унапредување на административен службеник, формирана од страна на в.д. директорот со Решение бр.04-3321/3 од 26.2.2026 година, а согласно прописите за административни службеници и Правилникот за работни места во Фондот спроведе административна селекција за што состави Записник за администативна селекција бр. 04-3321/4 од 2.3.2026 година.
За работното место под реден број 8 од Огласот бр. 01/2026, шеф на одделение за финансии, анализа, контрола и трезорско работење, со звање координатор на лекарска комисија и боледувања, со звање Координатор на Лекарска комисија и шифра на работно место Б04001, во Подрачна служба Кичево, 1 (еден) извршител, се пријави еден кандидат, распореден на работно место стручен соработник за права од здравствено осигурување, со шифра на работно место ФЗО0102В02002.

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk
[1] 04-3964/2 [2026]

Комисијата по насока на членот номиниран од Агенцијата за администрација (раководител на Одделение за јавен оглас и административна селекција) во записникот констатирала дека на огласот за погоренаведеното место се пријавил 1 кандидат и истиот е неуреден. Како причина за неуредноста се наведува дека кандидатот нема приложено оценување, распореден е на нивото В02, неможе да се унапреди на интерен оглас на нивото Б04 согласно член 48 од ЗАС.

Имајќи предвид наведеното, в.д. директорот донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на оваа одлука на веб-страницата на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

В.Д. ДИРЕКТОР
Сашо Клековски

Изготвил: Радица Димовска
Одобрил: Зоран Печевски
Лекторирал: Виолета Ташаминов

Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
Fondi për sigurim shëndetësor i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Адреса: Ул. Македонија, бр. 5, 1000 Скопје
Adresa: Rr. Maqedonia, nr. 5, 1000 Shkup
Тел/Tel: 02/3289-000
Факс/Fax: 02/3289-048
e-mail: info@fzo.org.mk
web: www.fzo.org.mk